Врз основа на член 104 од Законот за високото образование, член 246 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, по предлог на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 40. седница одржана на 31 јануари 2012 година, донесе

# О Д Л У К А
## за усвојување на Проектот за измени и дополнувања на студиската програма од втор циклус студии по *софтверско инженерство* на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство

**Член 1**

Универзитетскиот сенат го усвојува Проектот за измени и дополнувања на студиската програма од втор циклус студии по *софтверско инженерство* на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство.

**Член 2**

Универзитетскиот сенат го упатува Проектот од член 1 на оваа Одлука до Одборот за акредитација на високото образование на натамошна постапка за акредитација односно реакредитација. Проектот во печатена и во електронска форма до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование се доставува од страна на единицата на Универзитетот - предлагач и организатор на студиската програма.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**

Врз основа на член 63, став 1, алинеја 1 од Законот за високото образование (Службен весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 162/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011) и член 40, став 1, алинеја 1 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет, на својата 21. редовна седница одржана на 14.11.2011 година, го донесе следниов

# П Р А В И Л Н И К
## за измена на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, донесен од Наставно-научниот совет на Факултетот, на 2. седница одржана на 3.6.2009 година, за кој Универзитетскиот сенат, на својата 8. седница одржана на 18.6.2009 година, донесе Одлука за давање согласност. Правилникот и Одлуката за давање согласност се објавени во Универзитетскиот гласник бр. 136 од 18 јуни 2009 година.

**Член 2**

Во член 39, став 1, по зборот „доцентите“, зборовите „во работен однос“ се бришат.

**Член 3**

Овој Правилник влегува во сила со донесувањето на Одлуката за давање негова согласност од Универзитетскиот сенат и нивното објавување во јавното гласило на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетски гласник.

**Декан**
**Проф. д-р Александар Грчев, с.р.**

Врз основа на член 52, став 1, алинеа 1, од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011), Универзитетскиот сенат, на 40. седница одржана на 31.1.2012 година, ја донесе следнава

## ОДЛУКА
### за давање согласност на Правилникот за измени на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

1. Универзитетскиот сенат дава согласност на Правилникот за измени на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Стоматолошкиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**

---

Врз основа на член 52, став. 1, алинеја 20 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011) и член 191, став 1 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетскиот сенат, на 40. седница одржана на 31.1.2012 година, донесе

## ОДЛУКА
### за потврдување избор на декан

1. Се потврдува Одлуката на ректорот бр. 01-910/1 од 24.1.2012 година за избор на м-р Благоја Маневски, вонреден професор, за декан на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, во мандатниот период од 1.2.2012 година заклучно со 1.2.2016 година.
2. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

**Ректор**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**

---

Врз основа на член 52, став 1, алинеја 16 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011 и 51/2011), Универзитетскиот сенат, на 40. седница одржана на 31.1.2012 година, ја донесе следнава

## ОДЛУКА
### за избор на редовен професор

**Член 1**

**Д-р Сунчица Димитријоска**, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Филозофски факултет - Скопје, се избира во звањето редовен професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Филозофски факултет - Скопје, по научните области (дисциплини): методи на социјалната работа, системи на социјална заштита и теорија на социјална работа.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Универзитетскиот гласник.

**Ректор**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**